# МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОБЈАВУВА ЈАВЕН ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА И МОНИТОРИНГ ВО РАМКИ НА ИНТЕРРЕГ VI-А ИПА ПРОГРАМА БУГАРИЈА - СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021 – 2027

## Ј А В Е Н   О Г Л А С

Министерството за локална самоуправа во улога на Национален орган на ИНТЕРРЕГ VI-A ИПА програмата Република Бугарија и Република Северна Македонија 2021-2027 CCI 2021TC16IPCB006 објавува јавен оглас за следната работна позиција:

**1 (еден) експерт за инфраструктура и мониторинг во рамки на ИНТЕРРЕГ VI-A ИПА програмата Република Бугарија и Република Северна Македонија CCI 2021TC16IPCB006 – во антена канцеларијата на Заедничкиот секретаријат во Струмица**

Кандидатите треба да ги достават следниве документи:
- Мотивациско писмо на англиски јазик;
- Кратка биографија (CV), на англиски јазик;
- Копија од универзитетска диплома (од полето на архитектура, градежно инженерство или другите студии наведени во Условите за работа - минимум 240 ЕКТС, или VII/1 степен);
- Треба да се доставaт фотокопии од оригинални документи со кои се потврдува работното искуство наведено во биографијата (М1/М2 образец или договор за работен ангажман).

Документите треба да се доставaт преку архивата до Министерството за локална самоуправа на бул. св. Кирил и Методиј 54, Скопје (зграда на Нова Македонија, II кат), со ознака: **„Апликација за Експерт за инфраструктура и мониторинг – програма Бугарија-Северна Македонија„**

Краен рок за аплицирање:
Заинтересираните кандидати треба да ги достават документите за апликација **најдоцна до 17 јули 2025 година најдоцна до 14:00 часот**.

Кандидатите чии апликации ќе ја поминат техничката евалуација ќе бидат поканети да присуствуваат на интервју. Секој кандидат ќе биде оценет согласно бараните квалификации и искуството на следниов начин:

Образование – макс. 30 бодови;

Релевантно работно искуство – макс. 30 бодови;

Претходно искуство со проекти финансирани од ЕУ и/или други меѓународни донатори – макс. 20 бодови

Познавање на постапките за набавки и тендери (ПРАГ и Закон за јавни набавки) – макс. 10 бодови

Познавање на англиски јазик/Успех на интервју – 10 бодови

Условите за работа (TOR)